ИСТОЧЕН РЕГИОН
ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

МАКЕДОНСКО-БУГАРСКА СТОПАНСКА КОМОРА
БИЗНИС БЕЗ ГРАНИЦИ

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН
Бр. 0701-251/1
27.09.2013 год.
ШТИП

МАКЕДОНСКО - БУГАРСКА СТОПАНСКА КОМОРА
Бр. 0101-087/13
27.09.2013 год.
СКОПЈЕ

# МЕМОРАНДУМ ЗА РАЗБИРАЊЕ И ДЕЛОВНА СОРАБОТКА

помеѓу

**Центар за развој на Источен плански регион, ул. „Ванчо Прќе " 119 кат 2., 2000 Штип, Република Македонија**(во понатамошниот текст ЦРИПР) претставуван од Драгица Здравева, Раководител

и

**Македонско-Бугарска Стопанска Комора, ул. "Димо Хаџи Димов" бр.38, 1000 Скопје, Република Македонија** претставувана од Зоре Темелковски, Претседател

## Цели

Иницирање на заеднички активности и соработка заради унапредување на економскиот развој преку поврзување и соработка на бизнис заедницата од Источниот плански регион и членките на Македонско-Бугарската Стопанска Комора во насока на промовирање и унапредување на бизнисот и економската развиеност на регионот како стратешка цел.

**Центар за развој на Источен плански регион** како координативно-оперативно, тело ги интергрира и ги претставува на највисоко инстутиционално ниво општините од Источниот плански регион.

**Македонско-Бугарска Стопанска Комора** како непрофитна стопанска интересна заедница,со главни приоритети за унапредување на економските релации помеѓу компаниите од двете земји.

## Член 1

Целта на овој меморандум е воспоставување на основни услови за соработка под кои **Центарот за развој на Источен плански регион** и **Македонско-Бугарската Стопанска Комора**, во рамкте на своите овластувања ќе

соработуваат воимплементација на активности од интерес за двете организации и во име на членките и партнерите кои ги застапуваат.

**Член 2**

Страните се согласни да се информираат, координираат и ги усогласуваат своите ставови за заеднички настап во земјата и странство во областите каде ќе имаат заеднички интерес.

**Член 3**

Да подготвуваат и заеднички конкурираат со предлог-проекти пред домашни и странски донатори, како и да соработуваат во имплементирање на разновидни поединечни Проекти од значење за Источниот плански регион, развојот на бизнис секторот и пошироко.

**Член 4**

Постојана размена на искуства, знаења, податоци и информации во насока на јакнење на заедничката соработка и логистичка подршка за потребите на страните.
Обемот на размена на податоци и информации е ограничен на податоци и информации кои се соодветни и пропорционално на целите заради кои се разменуваат.

**Член 5**

Страните може да организираат размена и работни посети, конференции, работилници и други облици на размена на искуства и знаења, да организираат и одржуваат заеднички средби со учество на трети страни и меѓународни организации.

ИСТОЧЕН РЕГИОН
ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

МАКЕДОНСКО-БУГАРСКА СТОПАНСКА КОМОРА
БИЗНИС БЕЗ ГРАНИЦИ

**Член 6**

Во Случај на судир на надлежностите помеѓу страните во Меморандумот, се применува Законот за општа управна постапка

**Член 7**

Овој Меморандум е сочинет во 4 (четири) еднакви примероци, по два за секоја страна потписник во Меморандумот

| Центар за развој на Источен плански регион | Македонско-Бугарска стопанска комора |
| --- | --- |
| Драгица Здравева | Зоре Темелковски |
| Раководител | Претседател |